Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Бр.-Nr. 01-961/1
15.02. 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА 2022 ГОДИНА

Врз основа на член 69 став 3 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за своето работење во изминатата година подготвува извештај кој го усвојува Владата на Република Северна Македонија.

## ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Легислатива*

Фокусот на активностите на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информции (во натамошниот текст: Дирекцијата) во 2022 година во доменот на легислативата беше ставен на Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации(*) и на Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба(*) коишто произлегуваат од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19).

Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации(*) беше донесена во јули 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 157/22). За таа цел, во првата половина на годината беа реализирани повеќе консулативни состаноци и работни средби со безбедносните служби што согласно закон ги вршат безбедносните проверки за лицата корисници на класифицирани информации и со Секретаријатот за законодавство, како и со Министерството за одбрана којшто е надлежен орган за предлагање на подзаконските акти што произлегуваат од Законот за класифицирани информации(*) пред Владата.

Подеднакви активности со надлежните органи беа реализирани и во однос на Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба(*), која што официјално беше испратена на понатамошна надлежнот на Министерството за одбрана во декември 2022 година.

Во меѓувреме беше изработен текстот на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати којшто беше предмет на усогласување со надлежните безбедносни служби.

Во текот на извештајната година беа реализирани повеќе активности за изменување и дополнување на постојните акти за организација и за систематизација на работните места во Дирекцијата, а се работеше и на други

интерни акти со коишто се регулираат прашања од доменот на функционирање на Дирекцијата. Во тој контекст, беа изработени Процената на безбедносен ризик за 2022 година, Безбедносните процедури за пренос на НАТО документи, Насоките за функционирање на Архивата-Писарницата на Дирекцијата, а беше ревидиран и Правилникот за користење на службени возила. Исто така, беа изработени и нацрт-текстови на упатства/процедури за постапување коишто се однесуваат на одредени сегменти од ракувањето со класифицирани информации спроведувањето на работните процеси во Дирекцијата.

*Безбедносна организација*

Во 2022 година, Дирекцијата продолжи со спроврдување на своите законски надлежности во доменот на заштитата на класифицираните информации и примената на важечките меѓународни стандарди за ракување со истите. Во тој контекст, во текот на извештајниот период продолжи реализацијата на активностите за обезбедување на безбедносни стандарди за ракување со класифицирани информации во државните и приватни ентитети, со посебен акцент на ентитетите што се дел од мрежата на подрегистри и контролни точки за класифицирани информации.

Редовно се ажурираше листата на офицери за безбедност на класифицирани информации како клучен персонал за одржливост, спроведување и надзор на безбедносните политики за работа со класифицирани информации во секоја од релевантните институциите каде се ракува, циркулираат и се чуваат класифицирани информации.

*Човечки ресурси*

Во текот на извештајната година Одделението за управување и развој на човечки ресурси работеше согласно потребите кои произлегуваат од неговиот делокруг на работа.

Тековно и редовно беа реализирани активностите поврзани со изработката на потребната документација која се однесува на кадровските прашања од аспект на израбока на решенија за годишни одмори, за распоредување, за плата, за додатоци за плата, пријави/одјави во АВРСМ и доставување на боледувања во ФЗО, потоа План за годишни одмори како и ажурно водење на персоналните досиеја на вработените.

Заради зголемениот обем на работа, на почетокот на годината (јануари) беше објавен и реализиран јавен оглас за вработување на 3 (три) лица на определено време, а воедно беше и отпочната постапка за реализирање на вработување преку Агенцијата за администрација која во месец март резултираше со 2 (две) вработувања на неопределено време од претходно наведените 3 (три) лица.

Во месец јули беше реализирано уште едно вработување на неопределено време врз основа на постапка спроведена од Агенција за администрација.

Согласно одобрениот годишен план за нови вработувања и унапредувања, во месец септември спроведена е постапка за унапредување во раководител на Одделение.

Во текот на 2022 година од страна на Одделението за управување и развој со човечки ресурси во месеците април, август и ноември беа изготвени, одобрени од МИОА и објавени на WEB страницата на Дирекцијата 3 (три) Правилници за измена на Правилниците за систематизација на работните места.

Во однос на мобилноста на вработените, а во функција на оптимизација на процесот на работење во Дирекцијата, во текот на 2022 година беа реализирани активности за хоризонтална мобилност со направени 20 – на распоредувања на работни места во рамките на Дирекцијата.

Сите измените на податоците што призлегоа од мобилноста на вработените, навремено и точно се внесуваа во системот за управување со човечките ресурси - HRMIS.

Во изминатата 2022 година, поради генералниот став на Владата на РСМ за оптимизација на работните места не беше прифатена основната верзија на Годишниот план за вработување од Министерството за финансии, за да корегираната верзија биде потврдена и од Министертвото за политички систем и односи помеѓу заедниците и МИОА.

Како редовна и тековна активност која произлегува од Законот за административни службеници, се подразбира, меѓу другото, водење евиденција, прибирање и комплетирање податоци за посетените обуки, како и правење полугодишни извештаи за реализирани обуки и номинирање на вработените за учество на обуки.

Исто така, како законска обврска согласно Законот за административни службеници, во месец мај 2022 година беа реализирани полугодишните интервјуа на административните службеници во Дирекцијата како дел од процесот за оценување на ефектот од нивното работење, кој беше заокружен кон крајот на годината, при што беа опфатени и целосно реализирани сите негови чекори.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2022 година планираните активности според Годишниот план на активности на Дирекцијата од доменот на безбедност на лица корисници на класифицирани информации беа спроведени според планираната динамика. Во континуитет се спроведуваа процедурите за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати во соработка со безбедносните служби надлежни за вршење на безбедносните проверки и активности сврзани со обука на

корисниците на класифицирани информации и контрола на условите во овој домен на безбедноста на класифицираните информации.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по поднесени барања за издавање безбедносни сертификати изработи: 2669 барања за оперативна безбедносна проверка; 2297 национални, 372 НАТО и ЕУ безбедносни сертификати; 354 изводи од НАТО и ЕУ безбедносни сертификати. Вкупниот број на важечки национални безбедносни сертификати на 31.12.2022 година изнесува 9852. Додека вкупниот број на важечки безбедносни сертификати на 31.12.2022 година за НАТО е 519, а за ЕУ е 262.

Исто така, во Дирекцијата беа изработени и 70 решенија за одбивање на барањата за издавање безбедносни сертификати, 1 решение за престанок на важноста на безбедносниот сертификат.

Воедно, беше извршена ревизија на издадените безбедносни сертификати чиј рок на важење истекува во 2022 година.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2022 година, ракувањето со странски класифицирани информации во Дирекцијата се одвиваше според воспоставените процедури за прием, обработка, дисеминација, дистрибуција, архивирање и чување на класифицираните информации. Динамиката на извршување на работните задачи беше во вообичаената рамка на целосна имплементација на постојните законски и подзаконски акти за безбедност на класифицирани информации. И во текот на 2022 година, Дирекцијата успешно одговори на предвидените активности за заштита на класифицираните информации координирајќи ја работата на воспоставениот систем на под-регистри и контролни точки. Со тоа, констатирано е дека задачите се завршени професионално и ефикасно во насока на навремена доставување на класифицираните и на некласифицирани материјали до крајните корисници. Исто така, и во 2022 година, Дирекцијата, со помош на својот обучен персонал, продолжи со обуката, давањето стручна помош, мислења и експертиза на државни органи и приватни ентитети, но и на домашни и странски претставници за правилно користење и ракување со класифицирани информации.

Следејќи ја динамиката на прием на странски класифицирани информации од претходните години Дирекцијата во 2022 година регистрираше зголемен интензитет на примени и обработени странски класифицирани информации во однос на извештајната 2021 година.

Според евиденцијата на Дирекцијата, во 2022 година примени се вкупно 1216 НАТО документи, од кои 620 со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО", 126 со степен „ДОВЕРЛИВО" и 443 со степен „ИНТЕРНО".

Од направената паралела на добиени НАТО класифицирани информации со 2021 година се забележува зголемување на бројот на примените класифицирани информации.

Зголемувањето на приемот на НАТО класифицирани информации во регистарот на ДБКИ се должи на тоа што документите кои се испраќаат преку NS WAN системот за потребите на институциите кои немаат NS WAN систем е зголемен.

Во текот на годината, во Дирекцијата се примени вкупно 77 ЕУ класифицирани документи, од кои 2 со степен „ДОВЕРЛИВО" и 75 со степен „ИНТЕРНО".

Кумулативниот збир на добиени странски НАТО и ЕУ класифицирани документи во 2022 година изнесува 1293. Тоа подразбира дека севкупно е зголемен приливот на странски документи во однос на претходната извештајна 2021 година.

Во однос на националните класифицирани информации, бројот на обработени национални документи во Дирекцијата во 2022 година изнесува вкупно 781 .

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на работата во Дирекцијата од доменот на физичка безбедност во текот на 2022 година беше насочено кон задржување на веќе воспоставените стандарди за ракување и чување на класифицираните информации. Дирекцијата обнови дел од интерните акти и донесе нови во областа на физичката безбедност коишто ја подобрија работата и го подигнаа нивото на физичката безбедност во Дирекцијата.

Поради застареност и нефункционалност, Дирекција во 2022 година постави нов електронски систем за контрола на влез и излез на вработените. Исто така во 2022 година е извршена надградба на системот за видео надзор и системот за детекција на натрапници (алармен систем).

Во Дирекцијата е изработен нов план за физичка заштита на класифицираните информации, а според него се воспоставени две нови безбедносни зони и една административна зона со ограничен пристап на влез. За оваа цел се набавени и поставени три безбедносни врати.

Дирекцијата во континуитет ги следи и новите измени и предлог директиви за физичка безбедност на НАТО и како резултат на официјалното членство на Република Северна Македонија во НАТО, имаше можност и да даде свој удел во креирање на новата директива за физичка безбедност на НАТО.

Со цел задоволување на стандардите и функционирање на целокупниот систем за безбедност во Дирекцијата, тековно се врши редовно сервисирање на целокупната безбедносна опрема.

Во 2022 година во Дирекцијата во континуитет пристигаа барања од страна на државни органи и други правни лица за утврдување на условите за физичка безбедност во организациските единици и точки каде се ракува со класифицирани информации, при што беа превземени активности за контрола на условите и давање на стручно мислење за исполнетоста на минималните стандарди за физичка безбедност на класифицирани информации. Претставници од Дирекцијата исто така учествуваа во меѓуинституционални активности со стручна и експертска помош за воспоставување стандарди за физичка безбедност и набавка на опрема од овој домен на безбедност. На барање на одредени субјекти беа одржани и обуки за нивните вработени од аспект на физичката безбедност на класифицирани информации.

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на Дирекцијата во доменот на информатичката безбедност во 2022 година беше ставено врз надградба на Упатствата за акредитација на КИС и акредитација на КИС во државните институции.

Во рамките на иницијативата на Дирекцијата за безбедносна акредитација на комуникациско-информациските системи во државните органи низ кои се процесираат национални класифицирани информации, Националното тело за акредитација (SAA), коешто функционира во рамките на Дирекцијата, во текот на 2022 година спроведуваше активности врзани за неколку постапки за безбедносна акредитација на комуникациско-информациски систем со цел обезбедување соодветно ниво на заштита на системите заради соодветна заштитна на класифицираните информации кои се процесираат низ овие системи. Притоа, такви акивности се реализираат во Министерството за одбрана, во Оперативната техничка агенција на Република Северна Македонија и Агенцијата за разузнавање.

Во текот на 2022 година Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносната политика на НАТО/ЕУ, ја остваруваше редовната обврска на одржување и уредност на безбедноста на постојните системи за размена на класифицирани информации во Дирекцијата и во мрежата на подрегистрите за странски класифицирани информации во другите институции, во согласност со регулативите на НАТО/ЕУ. Во таа насока, согласно акцискиот план за полноправно членство во НАТО, Дирекцијата активно учествуваше во воспоставување на системот за безбедна размена на НАТО класифицирани информации и го продолжи започнатиот процес за надградба на регистарскиот систем за процесирање на НАТО класифицирани информации. Со овој процес се унапреди целокупниот систем за размена на НАТО класифицирани информации, со што се зголеми безбедноста на класифицираните информации, а во исто време се зголеми и брзината и ефикасноста на нивната размена.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA) ја остваруваше својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на одделни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

Во текот на извештајната година беа преземени активности за набавка на соодветна ТЕМПЕСТ опрема за зонирање на објекти каде што се процесираат класифицирани информации, но по утврдените состојби на пазарот за таква специфична опрема и постапката за нејзина набавка, набавката не беше спроведена.

Активната улога на Дирекцијата во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Северна Македонија и во 2022 се остваруваше преку давање континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија и донесување акти сврзани со оваа материја.

Секторот за информатичка безбедност интензивно работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за информатичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и на директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка, одржување и ажурирање на комуникациско-информациските системи во Дирекцијата, како и редовно и вонредно сервисирање на опремата.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Во 2022 година Дирекцијата продолжи со своите активности кон унапредување на работата на полето на индустриската безбедност на класифицирани информации. Во текот на годината, во Дирекцијата пристигнаа барања од домашни и од странски компании и други правни лица со барања за издавање национални безбедносни сертификати за 95 физички и за 1 правни лица.

Врз основа на поднесените барања до 31.12.2022 година, Дирекцијата изработи 35 национални и 26 НАТО безбедносни сертификати. Дополнително Дирекцијата има издадено и 5 дозволи за пристап до национални класифицирани информации за 15 лица странски државјани. Во споредба со 2021 година, бројот на барањата за издавање безбедносни сертификати за правни лица и за физички лица во правните лица е намален.

Покрај редовната процедура за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап на физички и правни лица од домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери, Дирекцијата вршеше консултативна и експертска улога во постапки поврзани со безбедноста на класифицираните информации со домашни и странски компании што учествуваат во класифицирани договори или тендери.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Планираните инспекциски надзори во Годишниот план за 2022 година не се делумно реализирани поради кадровска непополнетост на Одделението за инспекциски надзор.

Во текот на 2022 годината се извршени само вонредни надзори кои не биле планирани во Годишниот план или во Дирекцијата се примени како барање, претставка или пријава за извршување на вонреден инспекциски надзор поради прекршување на безбедноста на класифицираните информации. Постапено е по четири пријави од различни државни институции. Притоа во три субјекти е извршен вонреден инспекциски надзор и се изработени записници со наод на констатирана состојба. Во два субјекти се запрени постапките поради немање основ за понатамошно постапување, додека по една пријава добиена од Државната комисија за спречување на корупција за постапување во Агенцијата за разузнавање е дадено мислење со поднесување на кривична пријава поради повреда која преставува кривично дело. По четвртата пријава со други инспекциски акти и преписки е одговорено на нивното барање.

Во период од 15-17.03.2022 година, Канцеларијата за безбедност на НАТО преку својот инспекциски тим изврши инспекција на подрегистрите каде се ракува со НАТО класифицирани информации. За таа цел во месец јануари се извршени контроли во подрегистрите во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за разузнавање, Центарот за управување со кризи и Дренов дол (воен аеродром) за да се види подготвеноста на истите и да се решат евентуалните дилеми и прашања околу самата НАТО инспекција. Исто така во месец септември се извршени контроли на горе наведените подрегистри со цел следење на реализацијата на препораките по однос на добиениот Извештај од НАТО инспекцискиот тим.

Во втората половина на годината се пополнети местата советник инспектор и помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации согласно систематизацијата на работните места во Дирекцијата, со што е зајакнат капацитетот на Одделението за инспекциски надзор.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На меѓународен план, Дирекцијата во 2022 година реализираше плодна соработка во доменот на безбедност на класифицирани информации првенствено со партнерските институции на земјите од регионот, со НАТО/ЕУ, како и со други институции од пошироки безбедносно-географски ареали.

Во рамките на регионалните мултилатерални формати на соработка, Дирекцијата во 2022 година го презеде дванаесетото претседавање со SEENSA (Форум на националните безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа). Во склоп на едногодишното претседавање, Дирекцијата, во соработка и со поддршка на Регионалниот совет за соработка (RCC) успешно ја организираше

и ја одржа на 28 април 2022 година во онлајн формат „*Рефлективната работилница за пресеците помеѓу безбедносната свест и безбедносните аспекти*". Експерти од Европската комисија (ЕС), Европската служба за надворешно дејствување (EEAS), од Канцеларијата за безбедност на НАТО (NATO NOS), и експерти од Дирекцијата одржаа обуки на SEENSA претставниците од регионот на Југоисточна Европа. Претседавањето со SEENSA регионалната иницијатива за соработка кулминираше на 27 септември 2022 година со одржувањето на Годишната конференцијата на раководителите на националните безбедносни авторитети од ЈИЕ во Скопје. Покрај сајбер безбедноста и ЕУ интегративните процеси во контекст на безбедноста на информациите, на пленарната седница од конференцијата се разговараше на идната траекторија на оваа регионална платформа за соработка.

Во меѓународен контекст, во рамките на годишната конференција на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) којашто се одржа во периодот од 13 до 15 септември 2022 година во Копенхаген, Данска, а на којашто Дирекцијата има статус на набљудувач, Дирекцијата со свои претставници допринесе во работниот дел, се запозна со правците на развој на самата мултилатерална форма на соработка, и се здоби со компаративни искуства од најиндустријализираните земји во светот во доменот на индустриската безбедност.

Во врска со склучувањето билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на владино ниво, во 2022 година се комплетираше техничкиот дел на преговорите со Португалската Република. Исто така, во 2022 година се интензивираше комуникацијата за започнување на преговорите со Република Латвија, со Република Молдавија и со Кралството Норвешка при што Дирекцијата ги започна правно-формалните процедури за одобрување на започнување на преговорите.

Во поглед на користењето на TAIEX инструментот на Европската комисија, во периодот од 19 до 21 септември 2022 година, Дирекцијата ја реализираше преостанатата TAIEX активност од претходните апликативни циклуси - студиската посета од областа на управување со ризици во физичка безбедност на класифицирани информации. По завршувањето на оваа активност којашто се реализираше во НБА на Р. Словачка, Дирекцијата во 2022 година изготви и апликација за експертска мисија од областа на безбедносна акредитација на комуникациско-информатички системи и истата ја поднесе до Секретаријатот за европски прашања за понатамошно процесуирање до надлежните органи на ЕУ.

Во контекст на соработката со меѓународните институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Северна Македонија, Дирекцијата активно учествуваше на состаноците на Комитетот за безбедност на НАТО. Во однос на соработката со ЕУ, во текот на 2022 година Дирекцијата продолжи со своето активно учество во активностите врзани за Националната програма за усвојување на правото на

Европската унија (НПАА), и тоа во поглавје 31 - Надворешна безбедносна и одбранбена политика (НБОП). На билатерално ниво, а во духот на развој на соработката и заемна размена на практични искуства од делокругот на работата, Дирекцијата оствари средби со партнерските служби на Република Црна Гора, на Република Босна и Херцеговина, на Република Хрватска и на Република Словенија.

Во рамките на Програмата на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) за реформи во разузнавачкиот сектор на Република Северна Македонија (2021-2026), во 2022 година, Дирекцијата активно учествуваше во првата фаза на проектот „*Развивање стандарди за известување во разузнавачки и безбедносни служби и надзорни институции*" со своја експертиза. Воедно, во 2022 година, во соработка и со финансиска помош на DCAF, Дирекцијата изготви и Е-*видео за процесот за издавање безбедносни сертификати за физички лица,* проект којшто е успешно имплементиран и претставува функционална алатка на институциите кои ракуваат со класифицирани информации и коишто, последователно, имаат потреба за добивање соодветен безбедносен сертификат.

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на првата половина од 2022 година, активностите врзани за организирање и посетување на обуки, советувања и слични настани се уште беа под знак на претпазливост заради глобалната здравствена пандемија предизвикана од вирусот COVID-19. Затоа во тој период учеството на настани врзани со стручно усовршување на вработените беше реализирано преку „online", односно виртуелно присуство.

Во текот на годината, согласно утврдената потреба и на барање на државните органи и другите институции и правни лица за обука и стручно мислење, беа одржани повеќе стручно-консултативни состаноци и брифинзи на коишто беа давани насоки за правилна примена на националната законска регулатива за класифицирани информации. Воедно, редовно се вршеа брифинзи со лица од Министерсвото за надворешни работи во подготовки за заминување во ДКП-ата на Република Северна Македонија во странство.

Во контекст на активностите што беа поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија, во септември 2022 година, претставници на Дирекцијата ја реализираа преостанатата TAIEX активност од претходните апликативни циклуси - студиската посета од областа на управување со ризици во физичка безбедност на класифицирани информации.

Воедно, согласно програмата на Министерството за информатичко општество и администрација, вработените во Дирекцијата имаа можност да ги следат „online" обуките за административни службеници, а учествуваа и на други

специјализирани обуки од доменот на развојот на човечките ресурси, финансиското работење и сл.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Во 2022 година, Дирекцијата, согласно своите законски надлежности, продолжи да учествува во работата на повеќе меѓуинституционални тела и работни групи.

Во контекст на интегративниот процес за пристапување кон ЕУ, во текот на 2022 година Дирекцијата учествуваше во работата на Работната група за надворешна безбедносна и одбранбена политика под раководство на Министерството за надворешни работи, со ангажман во изработката на Глава 31 од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

Претставници на Дирекцијата учествуваа и во меѓуинституционалните работни групи предводени од Министерството за одбрана за изработка на нацрт-текстови од правната рамка со којашто се регулира заштитата на критичната инфраструктура и доменот на криптозаштитата.

Во текот на годината, претставници на Дирекцијата учествуваа во проекти и иницијативи организирани од страна на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) во доменот на безбедноста и реформите на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2022 година се извршуваше според одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и согласно утврдените средства во Буџетот наменски, рационално, економично и ефикасно. Вкупниот буџет на Дирекцијата беше реализиран преку буџетските програми за 2022 година, и тоа: Програмата 10 - Администрација и Програмата 20 - Спогодба за размена на класифицирани информации РМ-ЕУ.

Во 2022 година на Дирекцијата ѝ беа одобрени буџетски средства во висина од 35.299.000,00 денари. Средствата за финансирање на активностите според плановите и програмите во Дирекцијата се обезбедуваат единствено од Буџетот на Република Северна Македонија и се основен ресурс од кој директно зависи реализацијата на плановите, програмите и потпрограмите.

Континуираноста во планирањето за обезбедување на дефинираните потреби со расположливите финансиски ресурси и вклопување во рамките на фискалните можности и ограничувања подразбира утврден процес на

континуирано поставување цели и редослед на активности и задачи за реализација на стратешките цели на Дирекцијата.

Изразено во бројки, 25.799.000,00 денари, или 73.08% од вкупниот буџет беа наменети за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените во Дирекцијата. Од нив 17.837.000,00 денари беа наменети за платите и придонесите на вработените во седиштето на Дирекцијата во Скопје, а со преостанатите 7.962.000,00 денари беа за трошоците за платите и придонесите на вработените на Дирекцијата упатени на работа во Делегацијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел.

Во делот од буџетот наменет за вршење на основната дејност на Дирекцијата во висина од вкупно 9.500.000,00 денари или во проценти 26.92% од вкупниот буџет, средства предвидени за капитални расходи предвидени се во износ од 1.071.000,00 денари, од кои за купување опрема и машини 751.000,00 денари и вложување и нефинансиски средства 320.000,00 денари. Другите средства за извршување на редовните активности на Дирекцијата во висина од 8.429.000,00 денари беа распоредени на следниот начин: за патни и дневни расходи 700.000,00 денари, за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт 2.040.000,00 денари, за материјали и ситен инвентар, 420.000,00 денари, за поправки и тековно одржување 480.000,00 денари за договорни услуги 3.726.000,00 денари, за други тековни расходи 300.000,00 денари, за надоместоци 333.000,00 денари и за разни трансфери 430.000,00 денари.

Реализацијата на буџетот на Дирекцијата за 2022 година по ставки е прикажана во Спецификацијата на расходи, дадена во прилог на овој Извештај.

Планот и динамиката на финансиското работење во Дирекцијата, се води и се реализира според принципите, нормите и постапките што важат во системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и обезбедува интегралност на сите елементи и функции во рамките на Дирекцијата, како и во односите со другите субјекти кон кои Дирекцијата презема финансиски обврски.

Буџетот на Дирекцијата претставува годишен план на расходи по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки одобрени од Буџет на Република Северна Македонија со Закон за извршување на Буџет на Република Северна Македонија со што се извршува Буџетот на Дирекцијата и се врши финансирање на поставените цели, политики, приоритети и задачи што произлегуваат од утврдените планови и програми на Дирекцијата. Основа за работа и реализација на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации претставува Стратешкиот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, Фискалната стратегија на Република Северна Македонија, Макроекономските проекции.

Во Стратешкиот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации се содржани програмите и активностите со кои се планира остварување на поставените цели во наредниот тригодишен период. Со процесот

на поднесување на предлог-буџетското барање за тековната, односно наредната фискална година, како и проекциите за двете последователни наредни години се координираат во еден интегрален модел на среднорочно буџетирање и ефективно управување со јавните финансии.

Буџетските барања се должат на претходно спроведен процес на идентификување на потребите од организациските структури (сектори и одделенија) задолжени за спроведување на претходно донесените планови и програми во рамките на Дирекцијата за финансирање на приоритетите во буџетската година.

## РЕЗИМЕ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2022 година успешно ги извршуваше своите законски надлежности во својство на надлежен орган за спроведување и унапредување на безбедносната политика за ракување со класифицираните информации на национално и на меѓународно ниво. Со унапредувањето на националната законска регулатива и политиката на континуирано пружање експертска помош, давање совети, постојана стручна надградба на персоналот, како и со спроведувањето инспекциски надзор за утврдување на состојбите во однос на примената на законската регулатива за заштита на класифицираните информации, нивото на безбедноста и на безбедносната култура за ракување со класифицирани информации во Република Северна Македонија во континуитет се зголемува. Унапредувањето на капацитетите за заштита на класифицирани информации кај субјектите што се корисници на истите и добрите резултати од работата на Дирекцијата придонесуваат за создавање позитивна слика за Република Северна Македонија како кредибилен и рамноправен партнер на земјите членки на НАТО и ЕУ во сферата на безбедноста на класифицираните информации.

**в.д. Директор**
**Стојан Славески**